# КУМАНОВСКИ ГРАФИЧАРИ 2013



ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ

Роден е во Куманово 1953. Дипломирал на факултетот за ликовна уметност во Белград во класата на проф. Бошко Карановиќ, во 1978.
Постдипломски студии завршил на истиот факултет, оддел графика, кај проф. Марко Крсмановиќ.
Од 1987 е вработен на ФЛУ во Скопје, како редовен професор по предметите графика со графички техники и цртање на графичкиот оддел. Во 1988 ја врши функцијата продекан, а во периодот од 1988-2000 и 2000-2002 ја врши функцијата декан. Како продекан (една учебна година) и декан (четири години последователно), настојуваше и придонесе за остварување контакти со сродни институции во странство. Меѓународното студентско арт-биенале, СИАБ, овозможи наши студенти да дејствуваат на повеќе сликарски манифестации во странство. На тој начин беа унапредени студиите на нашата институција. Член е на ДЛУК од 1974, на Белградскиот графички круг од 1997, член на ДЛУМ од 1981, а на Светскиот графички конзилиум Сан Франциско (САД) од 1984. Реализирал студиски престои во Франција и Италија. Учествувал во над 100 меѓународни изложби а за својата работа има добиено повеќе домашни и меѓународни награди и признанија.





МАГДА ВЕЛИЧКОВСКА



е родена во Куманово 1980. Дипломирала на ФЛУ - Скопје во 2005, отсек графика во класата на проф. Зоран Јакимовски.
Има учествувано во повеќе ликовни проекти и групни изложби меѓу кои и "Кумановски ликовни уметници" (2005 - 2013) и Кумановски графичари (2005, 2006, Њујорк 2006, како и 2009, 2011), Меѓународна ликовна колонија Карпино 2013 и други.
Живее и работи во Куманово.



## СТЕФАН ЈАКИМОВСКИ

Роден е 1982 во Куманово, Македонија. Средно образование завршил во училиштето за применета уметност "Лазар Личеноски" во Скопје 2001, оддел графика.
Факултет за ликовни уметности завршил 2005 оддел графика со графички дизајн, во класата на проф. Димитар Малиданов, кај кого завршил и последипломски студии 2008 на тема: Мултимедијален пристап во графичкиот дизајн.
Член на друштво на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ).Излагачка активност - во период од 2000 до 2008 г. излагал групно во Грција, Србија, Македонија, САД, Египет, Полска... 2009 излага самостојно во Уметничка галерија во Куманово.
Награди - 2000, Меѓународна награда на интернационален фестивал Литохоро - Грција.
Работи на ФОН Универзитетот во Скопје.





ХАНИФЕ ИСЛАМИ

е родена 1983. Студиите ги завршува на Факултетот за ликовна уметност во Државниот Универзитет во Тетово 2007, отсек графика во класата на професорот Нафи Јашари.
Член е на Здружението "Онуфри" - Скопје.
Има учествувано на многу групни изложби и ликовно проекти, а 2013 ја реализираше и својата прва самостојна изложба во Уметничката галерија во Тетово.
Живее и работи во Куманово.





МИЛЕНА ТОНЕВСКА

родена е 1985, во Куманово, Македонија. Средно образование завршила во, државно училиштето за применета уметност "Лазар Личеноски" во Скопје , насока графика. Дипломирала на ФЛУ во Скопје , педагошки смер - насока графика во класата на проф. Трајче Блажевски.

Има учествувано на повеќе меѓународни групни изложби, проекти и ликовни колонии : Струга 2007 - Групна изложба, Тетово 2008 - Тетовско биенале на минијатурна графика, Скопје 2008 - Групна изложба, проект на Светска Банка и Швајцарска Амбасада, Куманово 2008 - Групна изложба НУЦК"Трајко Прокопиев"- Куманово, Скопје 2010 - проект на Чико Мак Муртрие, Куманово 2010 - Групна изложба- Млади ликовни уметници НУЦК "Трајко Прокопиев"- Куманово, "Кумановски ликовни уметници" Национална установа – Музеј"- Куманово 2010, Тетово 2010 - Тетовско биенале на минијатурна графика, "Кумановски Графичари 2011", НУЦК "Трајко Прокопиев"- Куманово.

Живее и работи во Куманово.





## ВАЛЕНТИНА ИЛИЈЕВСКА

Родена е во Скопје во 1987. Завршено средно образование при ДСУПУ „Лазар Личеноски"-Скопје. Дипломирана на Факултетот за ликовни уметности (ФЛУ)-Скопје на Одделот за графика и графички техники во класата на проф. Мирко Вујисиќ со насока конзервација и реставрација проф. Невенка Величковска и Момчило Трајковски.

Во 2009 реализира самостојна изложба на мали графики во Земун, Србија а во периодот 2009-2011 групно излага во Македонија, Србија, Турција.

Учествува и во работата на ликовни колонии во Македонија, Полска и Србија. 2012 има самостојна изложба во Куманово.

Свој придонес дава и на полето на реставрација и конзервација на повеќе објекти и локалитети во Македонија пришто за својата работа има добиено повеќе награди и признанија.

Живее во Куманово, Македонија.





СИМОНА ЈАКИМОВСКА

Родена е во Куманово 1990. Средно уметничко училиште завршила 2008 година за да продолжи на Факултет за ликовни уметности - Скопје, оддел графика во класа на вон. проф. Славица Јанешлиева - Бачварска.
Има реализирано неколку самостојни изложби: - графики во Уметничка галерија - Куманово 2009 како и во 2013 во Куманово, Кратово и Струмица.
Учествувала на повеќе групни изложби меѓу кои и на изложбите "Кумановски графичари 2009 и 2011", како и на две меѓународни изложби во Хрватска и Србија.
Живее и работи во Куманово.



Проектот "Кумановски графичари" и оваа година ќе продолжи во континуитет да ги презентира најновите графички реализации на академските графичари од Куманово. Во обидот истите да ги доближиме до пошироката публика и преку нив да ги запознаеме со графичките техники, се одлучивме за најприфатливата варијанта којашто ни стои на располагање, воедно и најдиректниот облик на комуницирање со пошироката публика, а тоа е организирање на изложба надополнета со каталог. Впрочем, и повеќегодишното искуство говори дека овој облик на претставување на графичките уметници е многу непосреден и подолготраен во однос на организирање на семинари или предавања на тема - современи графички техники. Шесте изданија кои биенално беа претставувани пред македонската ликовна публика потврдија дека во Куманово постои графичка ликовна сцена којашто живее непрекинато. Потврда за тоа се позитивните критики што беа слушнати од пошироката публика и ликовната критика не само во Куманово туку и во другите градови каде што оваа изложба гостуваше. Тоа, секако, нас како организатори - НУ Центарот за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово уште повеќе нè мотивира да вложиме труд и напор и понатаму задржувајќи ги високите стандарди на организација и продолжувајќи во одржувањето на оваа културна мисија. Секако, треба да го спомeнеме и Министерството за култура на Република Македонија коешто и оваа година финансиски го помогна проектот.

На повикот до сите графички уметници од Куманово за учество на графичката изложба "Кумановски графичари 2013" се јавија седум академски графичари. Се работи за веќе формирани и препознатливи авторски индивидуи од повеќе генерации од коишто дел од нив постигнале многу успеси во својата работа а дел од нив допрва ги најавуваат своите посериозни зачекорувања на македонската ликовна сцена. Материјалот којшто ни е понуден во вид на графички листови говори за моменталните тематско-технички преокупации на самите автори. Доминира полихромната графика со акценти специфични за секој автор поединечно, мноштво на сензибилитети и естетики раскажани со поедноставениот графички јазик којшто, пак, делува силно и впечатливо во настојувањата да ја достигне висината на универзалното разбирање и комуникација. Да им посакаме успех на учесниците на оваа изложба во понатамошната работа со желба нивните трудови да бидат адекватно вреднувани од конзументите и љубителите на графичката уметност, а кај помладите да предизвикаат интерес и желба за проучување на овој значаен сегмент од ликовната уметност, пред сè, како област на која се темели денешната визуелна култура.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

Издавач:
Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово
за издавачот:
Роберт Павлевски
организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски
текст и фотографии: Роберт Цветковски
дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски
печати: "МЗТ-ТЕПЕКА" Скопје
тираж: 300
Куманово 2013

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија